**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**НА ПРОГРАМАТА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО КУЧИЊА СКИТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2025 ГОДИНА**

Советот на Општина Крива Паланка на ден 06.12.2024 година донесе Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2025 година (бр. 09-6043/43 од 06.12.2024 година).

Општина Крива Паланка спроведе јавна набавка за заловување на бездомни кучиња и на истата по спроведената постапка за извршување на активностите опфатени со Програмата за третирање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2025 година избрано е правното лице ДПТУ „ДОМАЗЕТСКИ ВЕТ“ ДООЕЛ увоз – извоз Крива Паланка (број на договор 19-1668/9 од 23.04.2025 година). После спогодбено раскинување на договорот, Општина крива Паланка повторно распиша јавна набавка на која е избрано правното лице АД Ветеринарно – сточарски центар „ТОДОР ВЕЛКОВ“ Куманово (број на договор 19-4667/6 од 26.08.2025 година).

Програмата за решавање на проблемот од зголемено присуство на кучиња скитници ги предвидува следните активности:

- заловување на животните;
- нивен транспорт до стационар;
- прием и преглед од овластен ветеринар;
- лабараториско испитување на животните на одредени болети;
- идентификација и водење евиденција;
- овариохистеректомија и орхиектомија;
- постоперативно сместување, лекување и нега;
- вакцинација и дехелментација;
- социјализација на животните;
- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето
- повик кампања за домување;
- повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени;
- еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината.

Во 2025 година спроведени се 10 акции на заловување и во истите се заловени, прифатени и третирани се 54 кучња скитници, додека со програмата беа предвидени 80 кучиња скитници.

Од вкупно 54 кучиња, по третирањето:

- 39 кучиња скитници се вратени на местата на заловување;
- 10 кучиња се вдомени;

- 3 кучиња се угинати; и
- 2 кучиња се еутанизирани поради констатирана болест и агресија кај истите.

Од вкупно предвидени 1.000.000,00 денари (без ДДВ), реализирани се 556.018,00 денари (без ДДВ).

**Крива Паланка, 11.02.2026 година**

**Изработил: Оливер Стојановски**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животната средина и комунална инфраструктура**
**Раководител,**
**Маја Костадиновска, диа**